# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 21 Мај 2007 година<br>Службен гласник број 9<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД УАЕ БР.9,УРБАН БЛОК 9/1, БЛОК “1” ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на ДУП за дел од УАЕ бр.9,Урбан блок 9/1, блок “1” во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1250/1
21.05.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 18.05.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на ДУП за дел од УАЕ бр.9,Урбан Блок 9/1, блок “1” во Прилеп**

**Чл.1**

**Се донесува Детален урбанистички план за дел од УАЕ бр.9, урбан блок 9/1, блок “ 1” во Прилеп ,** (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:** од југозапад границата оди по осовината на улицата “Марксова”,се до пресекот со улицата “Трајко Сандански”.На југоисток границата оди по осовината на “Трајко Сандански”,се до пресекот со улица “Круме Волнароски”,потоа по колско пешачката улица “Круме Волнароски ,се до пресекот со осовината на ул.”Стеван Апостолоски”и продолжува нагоре кон север по осовината на оваа улица до пресекот со осовината на улицата”Мице Козароски”.

На север ,границата на опфатот оди по осовината на улицата “Мице Козароски”се до пресекот со осовоната на улицата “Марксова”, каде што се затвора границата на почнува опфатот.Вака определениот плански опфат е со **површина од 1,95 хектари.**

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**-Нацрт План** изработен од од ДООЕЛ ” Урбан Проект ” од Прилеп со техн.бр.28/06 од Август 2006 год;

**-Стручна ревизија** на Нацрт Планот извршена од ” ЗУАС” од Скопје , од Август 2006год.

**-Извештај за постапување по забелешките од стручната ревизија-** изработен од изработувачот ДООЕЛ “Урбан Проект “од Прилеп ,бр.02-26/06 од 18.08.2006 год.

-**Стручно мислење** од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот, бр.18-15202 од 02.11.2006 год. ;

**-Одговор по забелешките од Стручното мислење** бр.09-983/11 од 09.11.2006год.,изработен од ДООЕЛ”УрбанПроект”од Прилеп.

**-Одлука за за утврдување на Нацрт планот** бр.07-2351/6 од 14.12.2006год; -Совет на Општина Прилеп.

**-Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета** по Нацрт планот бр.09-983/14 од 18.12.2006 год.

**-Соопштение за организирање на јавна анкета** и јавна презентација по Нацрт планот бр.09-983/15 од 18.12.2006г.- објавено во печатен медиум на 19.12.2006год..

- **Известувања за стручна консултација** бр.09-983/16 од 18.12.2006год.

**- Записник од одржана стручна консултација по Нацрт планот** бр..09-983/17 од 26.12.2006год.

**-Извештај од спроведена јавна анкета и јавна презентација по нацрт планот** бр.09- 983/18 од 15.01.2007 година.

**-Известување за постапување по извештајот** бр.09-540/2 од 13.03.2007г;

**-Дополнување на програмата за урбанистички планови за општина** Прилеп за 2006 година ,( Сл.гласник на Општина Прилеп бр.3/2006).

**-Доставување на списи за добивање на согласност за Предлог План** бр.09-540/3 од 14.03.2007год.;

**-Согласност од Министерството за транспорт и врски** за Предлог План на ДУП за дел од УАЕ бр.9 ,урбан блок 9/1, блок “1”, во Прилеп, бр.16-3106 од 23.04.2007год.- издадена од МТВ-Сектор за уредување на просторот-Скопје.

**-Комплетен примерок од Предлог План изработен од ДООЕЛ ”Урбан Проект ” од Прилеп,техн.бр.15/04,** од Февруари 2007 год. кој содржи:

**Документациона основа**

**А. Текстуален дел**

1.вовед

2.Граници и површина на планскиот опфат

3.Анализа на степенот на реализација на важечкиот урб.план

4.Анализа на постојна состојба

5.Постојна инфраструктура

6.Анализа на можностите за развој на просторот,кои произлегуваат од документационата основа

**Б.Графички прилози**

1.Извод од ГУП ……………..М=1:2500

2.Извод од постоен ДУП ….М=1:1000

3.Постојна состојба …………М=1:1000

4.Инвентаризација на постојни објекти ……..М=1:1000

**// ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Текстуален дел**

1.Вовед

2. Граница и површина на планскиот опфат

3.Цел на измените и дополнувањата на планот

4.Планерски елементи на градежното земјиште

5.Просторен концепт на измените и дополнувањата на планот

6.Намена на површини со билансни показатели

7.Сообраќајно и нивелманско решение

8.Нивелманско решение

9.Општи услови за градба

10.Посебни услови за градба

11.Мерки за заштита

11.1Мерки за заштита на животната средина

11.2 Мерки за заштита од воени разурнувања

11.3 Мерки за заштита од природни непогоди

12.Комунална инфраструктура

**Б.Графички прилози**

**5.**Сообраќајно решение и план на парцели ……. …………………….. М= 1:1000

6.Синтезен приказ ……….. М=1:1000

7.Синтезен приказ со инфраструктура ……….. …………………………… М=1:1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од **8(осум)дена** од денот на донесувањето, **во 7(седум) примероци**, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавната анкета и стручната консултација , со образложение за за прифатените и неприфатените забелешки,изработен од стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

**Чл.5**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

**Чл.6**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.7**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Бр. 07 – 1239/2 Претседател
18.05.2007 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА – ЗАШТИТНИ СТОЛБЧИЊА И КАНДЕЛАБРИ, НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ПРИЛЕП**

1. Одлуката за поставување на урбана опрема – заштитни столбчиња и канделабри, на територијата на Централното градско подрачје на град Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1250/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
21.05.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 22 ст.1 т.4, член 36 ст.1 т. 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на Р.Македонија“, бр.5/02), член 14 ст.1т.4 и член 26 ст.1т.10 („Сл. Гласник на општина Прилеп“ бр.6/03 и 4/05), Советот на општина Прилеп, на седнивцата одржана на ден 18.05. 2007 год. донесе

**ОДЛУКА**
За поставување на урбана опрема-заштитни столбчиња и канделабри, на територијата на Централното градско подрачје на град Прилеп.

Чл.1

Со оваа Одлука се определува поставувањето на урбана опрема–заштитини столбчиња и канделабри на јавните пешачки површини во Централното градско подрчје на град Прилеп.

Чл.2

На јавните пешачки површини со поставувањето на урбаната опрема не смее да се нарушува изгледот на околниот простор, да се спречува и оневозможува користењето на јавната пешачка површина, соседните градби и да биде обезбеден слободен пристап до сите видови јавни и станбени објекти.

Чл.3

Заштитните столбчиња и канделабри да бидат со унифициран дизајн и боја, од метал со дебелина на ѕидот од миниум 3 милиметри, со соодветна заштита од корозија.

Чл.4

Поставувањето на заштитните столбчиња и канделабри го врши ЈП за ПУП, по претходно прибавено одобрение од Секторот за урбанизам и комунално уредување, а на товар на подносителот на барањето.

Чл.5

Заштитните столбчиња и канделабри да бидат обележани со лента со ретрорефлективна материја со широчина на лентата од 5 цм, по целиот обем на кругот, на растојание од 60 цм од подлогата.

Чл.6

Се задолжува ЈП за ПУП да води евиденција за бројот и локацијата на поставените заштитни столбчиња и канделабри.

Чл.7

Изборот на дизајнот на урбаната опрема ќе го изврши Комисијата за урбанизам.

Чл.8

Оваа одлука стапува во сила осум дена од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Прилеп.

Бр. 07 – 1239/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
18.05.2007 год. на Совет на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА, ПОДПРОГРАМА ЈД-ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ, ПО БАРАЊЕ НА ФОНДОТ ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ – СКОПЈЕ**

1. Заклучокот по Извештајот за извршените работи по Програмата за комунално уредување на општина Прилеп за 2006 година, подпрограма ЈД-Изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, по барање на Фондот за магистрални и регионални патишта и улици – Скопје, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1250/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
21.05.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 30.01.2007 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Извештајот за извршените работи по Програмата за комунално уредување на општина Прилеп за 2006 година, подпрограма ЈД-Изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, по барање на Фондот за магистрални и регионални патишта и улици – Скопје

1. Се усвојува Извештајот за извршените работи по Програмата за комунално уредување на општина Прилеп за 2006 година, подпрограма ЈД-Изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, по барање на Фондот за магистрални и регионални патишта и улици – Скопје.

2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1239/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
18.05.2007 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ ИЗБОРИ НА СОВЕТИТЕ НА УРБАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ПРИЛЕП**

1. Заклучокот по Извештајот за спроведените избори на Советите на Урбаните заедници во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1250/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
21.05.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 30.01.2007 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Извештајот за спроведените избори на Советите на Урбаните заедници во Прилеп

1.Се усвојува Извештајот за спроведените избори на Советите на Урбаните заедници во Прилеп.

2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1239/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
18.05.2007 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Заклучокот по Известувањето за состојбите во образованието во општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1250/5
21.05.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 30.01.2007 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Известувањето за состојбите во образованието во општина Прилеп.

1. Се усвојува Известувањето за состојбите во образованието во општина Прилеп.

2. Во училиштата, родителите да одржат родителска средба на тема: Што сториле родителите за воспитувањето на децата?

3. Во образованието на учениците да се воведе изучување на Етика наместо Веронаука и да се размислува за нови насоки во средното образование, пример: стоматолошки сестри и фискултурна паралелка.

4. Во текот на август Советот на општина Прилеп да одржи тематска седница за проблемите во образованието. За седницата, Советникот по образование да подготви Анализа за бројната состојба на опфатеноста на учениците во средното образование.

5. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1239/6
18.05.2007 годин
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА КОНКУРС ЗА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ ВО ГРАД ПРИЛЕП**

1. Одлуката за распишување на Конкурс за Идејно решение за партерно уредување на дел од централното градско подрачје во град Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1250/6
21.05.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.26 т.47 од Статутот на Општина Прилеп (Сл.Гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 5/2005) Советот на Општина Прилеп на Својата седница одржана на ден 18.05.2007 г. ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за распишување на Конкурс за Идејно решение за партерно уредување на дел од централното градско подрачје во Град Прилеп**

**Предмет на Конкурсот** : Изработка на Идејно Решение за партерно уредување на дел од централното градско подрачје во Град Прилеп

1. Со идејното решение за партерно уредување на дел од централното градско подрачје во Град Прилеп потребно е да се третира обележаниот простор во графичкиот прилог.

2. Идејното Решение треба да го содржи : Партерно уредување , Чешма или друга водена површина , Споменик на "Итар Пејо"( инспириран од народните приказни поврзани со старата Прилепска чаршија)

3. Рок на траење на Конкурсот е 20 дена од денот на објавување во Дневниот печат .

4. Идејното Решение треба да содржи : Основи , Изгледи , Перпективи (аксонометрии) . Решението треба да биде изработено во печатена и во елктронска форма.

5. Избор на најдоброто Идејно Решение ќе го врши Комисија формирана од страна на Советот на ЕЛС-Општина Прилеп во рок 7 дена по завршувањето на рокот за доставување на Идејните решенија.

6. Најдобрите Идејни решенија ќе бидат наградени :
- Прворангираното 15.000,оо д.
- Второрангираното 10.000,оо д.
- Треторангираното 5.000,оо д.

7. Одлуката ќе се објави во Службен Гласник на Општина Прилеп и стапува во сила со денот на објавувањето.

Број 07-1239/7
18.05.2007 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Прилеп
Димитар Стевананџија

***С О Д Р Ж И Н А***
*на “Службен гласник на Општина Прилеп”*
*број 9 од 21.05.2007 година*

1. Одлука за донесување на ДУП за дел од УАЕ бр.9,Урбан Блок 9/1 блок “1” во Прилеп ………………………………………………………………………………………….. ....................Стр. 1

2. Одлука за поставување на урбана опрема – заштитни столбчиња и канделабри, на територијата на централното градско подрачје на град прилеп ...........Стр. 3

3. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршените работи по Програмата за комунално уредување на општина Прилеп за 2006 година, подпрограма ЈД-Изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, по барање на Фондот за магистрални и регионални патишта и улици – Скопје .............Стр. 4

4. Заклучок за усвојување на Извештај за спроведените избори на Советите на Урбаните заедници во Прилеп ......................Стр. 4

5. Заклучок за усвојување на Известувањето за состојбите во образованието во општина Прилеп. ...............Стр. 5

6. Одлука за распишување на Конкурс за Идејно решение за партерно уредување на дел од централното градско подрачје во Град Прилеп ........................Стр. 5

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.